Елени Бужаровска
Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, Македонија
elenibuzarovska@mt.net.mk

# ДОДАТОК
# ГЛАГОЛСКИ ПАРАДИГМИ ВО ГРЧКИОТ ЈАЗИК

Глаголските форми во грчкиот јазик се маркирани по два параметра: вид и време. Носителот на видската информација е коренската морфема, додека информацијата за времето се кодира со суфиксите. Исклучок претставува проклитичната честица за идно време. Перфективизација на глаголите во грчкиот се одвива по пат на суфиксација на глаголската основа, додека префиксацијата спаѓа во зборообразувачки процес.

Најголем број глаголи во грчкиот имаат две форми: активна и медиопасивна. Постојат и група т.н. депонентни глаголи кои имаат само медиопасивна форма на пр. *stekome*/стојам, како и само активни глаголи без медипасивен корелат: *exo*/имам. Медиопасивните глаголи ги имаат истите глаголски категории како и нивните активни индикативни парници. Треба да се подвлече дека медио-пасивната морфологија врши повеќе семантички функции како што се: пасив *γrafome*/се запишувам; рефлексивност plenome/се мијам’; реципрочност *aγapjunde*/се сакаат; и каузативност: *xtenizome stu Angelu*/се чешлам кај Ангелу.

***Преглед на времиња (активни глаголи)***

| | *несвршен вид* | *свшен вид* |
|---|---|---|
| *не-минати* | *футур траен (θa γrafo)*<br>*презент ( γrafo)* | *футур (θa γrapso)*<br>----- |
| *минати* | *имперфект (eγrafa)*<br>----- | *аорист (eγrapsa)*<br>*перфект (exo γrapsi)* |

категорија таксис

| | | |
|---|---|---|
| ----- | *пл/перфект* | *(ixa γrapsi)* |
| ----- | *футур пф* | *(θa exo γrapsi)* |
| ----- | *футур пл/пф* | *(θa ixa γrapsi)* |

***Преглед на времиња (медиопасивни глаголи)***

| | несвршен вид | свшен вид |
|---|---|---|
| не-минати | футур траен (*θa γrafome*)<br>презент (*γrafome*) | футур (*θa γrafto*)<br>----- |

| | | |
|---|---|---|
| минати | имперфект (*γrafomun*) | аорист (*γraftika)* |
| ----- | | перфект (*exo γrapsi*) |

категорија таксис

| | |
|---|---|
| ----- | пл/перфект (*ixa γrafti*) |
| ----- | футур пф (*θa exo γrafti*) |
| ----- | футур пл/пф (*θa ixa γrafti*) |

1. Преглед на нефинитните и финитните глаголски форми во грчкиот јазик во основна немаркирана дијатеза.

За грчкиот глагол карактеристични категории се видот, начинот и времето. Како и именките, глаголите ги поседуваат категориите број, род (ограничено) и лице (како заменките). Категоријата вид е тесно поврзана со категоријата време. Временските форми главно се прават суфиксално од перфективна и имперфективна глаголска основа. И двете основи служат за градење и на други глаголски форми и конструкции.

1.1. нефинитни глаголски форми

Финитност е важен параметар во современ грчки јазик. Во финитни форми спаѓаат индикативните и сите субјунктивни форми. Нефинитни се сметаат само врзаните глаголски форми во перифрастичниот перфект (Joseph et al. 1986: 185).

1.1.1. Инфинитив во грчки нема. Неговата функција ја врши субјунктивната *na*-конструкција.

1.1.2. Партицип (metoxi)

Во современиот грчки со сочувал само еден партицип: пасивен партицип минато време. Тој се формира од глаголи од свршен вид со додавање на наставката -men- плус наставките за род и множина: *–os*,*-i*,*-o*/,*-i* како во *γramenos*/напишан.

1.1.3. Глаголски прилог (epirimatiki metohi)

Се разликуваат две форми - сегашна и мината. Сегашната форма се формира од основите на несвршени глаголски форми плус суфиксот *–ondas*. Минатата форма се гради перифрастично со помош на прилошката форма на помошниот глагол *exo*/има и нефинитна петрифицирана форма на глаголот. Неговата функционалана зона во голема мера се поклопува со дистрибуцијата на глаголскиот прилог во македонскиот.

| | |
|---|---|
| Активни: | *γrafondas* /пишувајќи |
| | *exondas γrapsi*/имајќи пишувано |
| Медиопасивни: | *γraftondas*/запишувајќи се |
| | *exondas γrafti* /*се имајќи запишано |

1.2. Финитни глаголски форми
1.2.1. Индикатив
1.2.1.1. Презентски форми
1.2.1.1.1. Презент од глаголи со несвршен вид (enestotas)

Несвршени глаголски форми се градат од свршените форми со s-суфиксација (*δiavaz*-o: *δiavas*-o /читам: прочитам; *γraf-o*: *γraps-o*/пишувам: напишам) и со суплетивизам кај некои глаголи од основен лексички фонд (*vlepo*: *δo*/гледам: видам).

Личните наставки на глаголите ги кодираат категориите лице и број. Постојат две презентски парадигми на лични наставки: една за активни и друга за медиопасивни глаголи. Наставките се додаваат на глаголската основа после тематскиот вокал.

| Лице | Едн (Ак/Пас) | Мн (Ак/Пас) |
|---|---|---|
| 1. | -o/-ome | -ome/-maste |
| 2. | -is/-ete | -ese/-este |
| 3. | -i/-un | -ete/-onde |

Кај активните глаголи зависно од вокалната основа и од местото на акцентот се разликуваат две конјугации. Кај првата конјугација акцентот паѓа на пенултима, додека кај втората - на нултима. Подолу следи промената на глаголот *γrafo*/пишувам (прва конјугација) и *krato*/државм (втора конјугација) во активна и медиопасивна парадигма.

| Активни: еднина | множина |
|---|---|
| 1. *γrafo*, *krato* | *γrafume, kratame* |
| 2. *γrafis*, *kratas* | *γrafete*, *kratate* |
| 3. *γrafi*, *kratai* | *γrafun*, *kratun (kratane)* |

| М/пасивни: еднина | множина |
|---|---|
| 1. *γrafome*, *kratjeme* | *γrafomaste, kratjomaste* |
| 2. *γrafese*, *kratjese* | *γrafeste*, *kratjeste* |
| 3. *γrafete*, *kratjete* | *γrafonde*, *kratjunde* |

1.2.1.1.2. Презент од глаголи со свршен вид

Глаголските форми од св.в. се градат од свршените глаголски основи и презентските лични наставки. Перфективизацијата кај медиопасивните глаголи се одвива и со дополнително средство покрај суфиксацијата - со промена на акцентот на пенултима, односно на акцентот на првиот слог од личната наставка.

Заради својата инхерентна модалност тие се употребуваат само во врзани футурски и субјунктивни конструкции за изразување на нефактивност како што се идно време и други модални категории. Ако во југоисточните македонски дијалекти (како што сведочи З. Тополињска во својата Синтакса 1996) се регистрира слободна употреба на перфективниот презент како habitualis и praesens

historicum, во стандардниот грчки се употребуваат *θa*/ќе+презент за првата функција, и аорист за втората. Тоа се поклопува со ситуацијата во југозападните македонски говори.

| | |
|---|---|
| Активни: еднина | множина |
| 1. *γrapso*, *kratiso* | *γrapsume, kratisume* |
| 2. *γrapsis*, *kratisis* | *γrapsete*, *kratisete* |
| 3. *γrapsi*, *kratisi* | *γrapsun*, *kratisun* |
| М/пасивни: еднина | множина |
| 1. *γrafto*, *kratiθo* | *γraftume, kratiθume* |
| 2. *γraftis*, *kratiθis* | *γraftite, kratiθite* |
| 3. *γrafti*, *kratiθi* | *γraftun*, *kratiθun* |

Формите на перфективниот презент секогаш се употребуваат во синтаксички врзана позиција со следни синтаксички оператори:

(а) модални партикули *θa/ќе*, *na/да*

(b) *as/нека* во прости реченици

(c) сврзничките условни и/или темпоралните предикати *an*/*ако*, *prin*/*пред*, *mexri*/ *додека, san, molis/штом*, *otan*/*кога* како во примерот: *An/prin/molis/otan ftaso, θa paro tilefono*. Ако/пред/штом/кога (ќе/да) стигнам ќе ти се јавам.

1.2.1.2. Форми за футур

Разликуваме футур од глаголи со несвршен (melondas sinexis) и свршен вид (melondas stigmeos); грчката терминологија е дадена според Цобанакис (1998: 430). Футурот е перифрастично време бидејќи тој се формира аналитички со помош на неменливата модална честица *θa*/ќе и свршената или несвршената презентската основа на која и се додаваат личните наставки за сегашно време. Разликата меѓу несвршениот и свршениот футур е само аспектуална.

Активни:

Θа *γrafo to γrama olo to vraδi*. Ќе го пишувам писмото цела вечер.

Θа *γrapso to γrama to vraδi*. Ќе го напишам писмото вечерва.

Медиопасивни:

Θа *γrafome sto koleγio aftin tin ora avrio*. Ќе се запишувам на колеџот ова време утре.

Θа *γrafto sto koleγio avrio* Ќе се запишам на колеџот утре.

Меѓу двата компонента на глаголска конструкција можат да се вметне проклитичната низа со иста линеаризација како во македонскиот јазик:

| | |
|---|---|
| *Δen θa tu to δoso* | *Na min tu to δoso* |
| Не ќе му го дадам | Да не му го дадам |

1.2.1.3. Форми за минато време

Во грчкиот има четири минати времиња од кои аористот и имперфектот се синтетички и апсолутни, додека перфектот и плусквамперфектот се перифрастични. Плусквамперфектот спаѓа во категоријата таксис. Имперфектот се гради од несвршена, а аористот од свршена основа со додавање на соодветни лични наставки. Тоа значи дека опозицијата свршен/несвршен и аорист/имперфект се преклопуваат. Подолу се дадени минатите лични наставки на активните и медиопасивните глаголи. Парадигмата на имперфектот ја пореметува морфолошката "симетрија": минатите наставки се употребуваат за сите активни и

минати времиња освен имперфектот. Тоа значи дека медиопасивните глаголи во имперфект добиваат посебни наставки.

| Активни | Лице | Еднина | Множина |
|---|---|---|---|
| + М/П Аор. | 1. | -a | -ame |
| | 2. | -es | -ate |
| | 3. | -e | -n |
| М/пасивни | Лице | Еднина | Множина |
| Имперф. | 1. | -omun | -omastan |
| | 2. | -osun | -osastan |
| | 3. | -otan | -ondan |

1.2.1.3.1. Имперферкт (paratatikos)

Активните глаголи градат имперферкт од несвршени глаголи со дадавање на лични наставки за минато време и со поместување на акцентот на антепенултима кај глаголите од прва конјугација. За да добијат трисилабична форма, на активните глаголи од прва конјугација им се додава акцентираниот аугментен суфикс *e*- како антепенултима, додека на основата на глаголите од втора конјугација и се додава акцентираниот аугментен суфикс -*us*-.

Медиопасивните глаголи градат имперфект со додавање на минати имперфектни наставки кои се акцентираат на пенултима кога се двосложни, и на пропенултима кога се тросложни.

| Активни: | еднина | множина |
|---|---|---|
| | 1. *eγrafa*, *kratusa* | *γrafame, kratusame* |
| | 2. *eγrafes*, *kratuses* | *γrafate, kratusate* |
| | 3. *eγrafe*, *kratuse* | *eγrafan, kratusan* |
| М/пасивни: | еднина | множина |
| | 1. *γrafomun*, *kratjomun* | *γrafomastan, kratjomastan* |
| | 2. *γrafosun*, *kratjosun* | *γrafosastan, kratjosastan* |
| | 3. *γrafotan*, *kratjotan* | *γrafondan, kratjondan* |

1.2.1.3.2. Аорист (aoristos)

Кај активните глаголи аористот се гради со глаголи од свршен вид со дадавање на лични наставки за минато време и со поместување на акцентот на антепенултима. Ако свршените основи се дисилабични, на основата и се додава аугментот -*e*- кој служи како антепенултима.

Медиопасивните формираат аорист со додавање на суфиксот -ik- на свршената основа на која се надградуваат минатите лични наставки.

| Активни: | еднина | множина |
|---|---|---|
| | 1. *eγrapsa*, *kratisa* | *γrapsame, kratisame* |
| | 2. *eγrapses*, *kratises* | *γrapsate, kratisate* |
| | 3. *eγrapse*, *kratise* | *eγrapsan, kratisan* |
| М/пасивни: | еднина | множина |
| | 1. *γraftika*, *kratiθika* | *γraftikame*, *kratiθikame* |
| | 2. *γraftikes*, *kratiθikes* | *γraftikate*, *kratiθikate* |
| | 3. *γraftike*, *kratiθike* | *γraftikan*, *kratiθikan* |

1.2.1.3.3. Перфект (parakimenos)

Перфектот и целата деривирана *exo/има*-серија спаѓаат во перифрастични конструкции. Тие се образуваат со помошниот глагол *exo*/има и перфективната неменлива форма на глаголот. Помошниот глагол во презент е носител на граматичката информација, додека инфинитната глаголска форма потекнува од инфинитив. Таа е хомонимна со личната форма на перфективниот презент од 3 лице еднина.

Акт: : *ex-o, is, -i, -ume, -ete, -un γrapsi/* имам пишувано/напишано

Мед: *ex-o, is, -i, -ume, -ete, -un γrapsi/* се имам запишано

1.2.1.3.4. Плусквамперфект (ipersintelikos)

Се гради од помошниот глагол *exo*/има во аорист и перфективната инфинитна форма на глаголот. Плусквамперфектот спаѓа во релативни времиња (Housholder 1964) бидејќи дејството изразено со него се дефинира во однос на некое друго минато време, а не спрема точката на зборувањето.

Акт: *ix-a, -es, -e, -ame, -ate, -an γrapsi/* имав пишувано/напишано

Мед: : *ix-a, -es, -e, -ame, -ate, -an γrafti/* си имав запишано

1.1.2.2. Императив (prostaktiki)

Кај активните глаголи императивот обично се гради од свршена презентска основа со додавање на наставката *-e* во второ лице еднина и наставката *-ete* во второ лице множина. Наставките *-a/ate* се додаваат на несвршени глаголи од втора конјугација. Императиви од несвршена основа изразуваат совет или смекната наредба.

| | | |
|---|---|---|
| несвр. основа (2л): | *γraf*-e, *γraf*-ete! | пишувај/те |
| | *mil-a, mil-ate*! | зборувај/те |
| свр. основа (2л): | *γraps-e*, *γraps-ete*! | напиши/ете |
| | *milis-e*, *milis-ete*! | кажи/-ете |

Медиопасивните императиви се прават само од свршени основи со помош на наставката *-i* во еднина и *-ite* во множина: *γraps-u, γraft-ite* - запиши/ете се.

Негираните императиви обично се прават од активни или медиопасивни имперфективни глаголи со модалната честица *min* плус формите на имперфективниот презент во второ лице еднина или множина. Употребата на свршениот презент и дава на забраната значење на предупредување.

| | | | |
|---|---|---|---|
| активни: | (нс.в) | *min γraf-is, -ete* | не пишувај/те |
| | (св.в) | *min γraps-is, -ete* | немој да напишеш/те |
| м/пасивни: | (нс.в) | *min γraft-ese, -este* | не се запишувај/те |
| | (св.в) | *min γraft-is, -ite* | немој да се запишеш/те |

1.1.2.3. Субјунктив (ipotaktiki)

Во субјунктивните конструкции модалната честица *na*/да се комбинира со сите лични глаголски форми во презент како од свршени така и од несвршени глаголи во активна и медиопасивна дијатеза.

активни: *na γrafo, na γrapso/* да пишувам, да напишам

м/пасивни: *na γrafome, na γrafto*/ да се запишувам, да се запишам

1.1.2.4. Минат субјунктив (subjunctivum praeteriti)

Оваа конструкција се гради со модалната честица *na*/да и глаголските форми во имперфект (само од несвршена основа) од активни и медиопасивни глаголи.
активни: *na eγrafa/* да пишував/напишев?
м/пасивни: *na γrafomun/* да се запишев

1.1.2.5. Кондиционал (irrealis conditionalis)

Перифрастичните кондиционални конструкции се градат со модалната футурна честица *θa*/ќе и глаголските форми во имперфект од активни и медиопасивни глаголи.

активни: *θa eγrafa/* ќе пишував/напишев
м/пасивни: *θa γrafomun*/ќе се запишев

1.1.2.6. Идно минато време (futurum praeteriti)

Перифрастичните конструкции на идно минато време се градат од честичката *θa*/*ќe* и глаголските форми во перфект или плусквамперфект од активни и медиопасивни глаголи. Постојат четири форми:

активни резултативни (со перфектна глаголска основа):
*θa exo γrapsi/* ќе имам пишувано/напишано
активни антериорни (со плуперфектна глаголска основа):
*θa ixa γrapsi*/ ќе имам пишувано/напишано
м/пасивни резултативни: *θa exo γrapti*/ќе бидам запишан
м/пасивни антериорни: *θa ixa γrapti*/ќе бев запишан

2. Преглед на финитните глаголски форми во грчкиот јазик во маркирана дијатеза

2.1. Форми за пасив (paθitiki foni)

2.1.1. Форми за пасив во презент

Пасивните презентски форми се образуваат од копулата *ime*/сум во сегашен пасивен партицип минато време. Првиот конституент на перифрастичната конструкција се менува по лице и број, додека вториот член е носител на наставките што се категоријално определени по род и број: *ime kurasmenos*/сум уморен.

2.1.2. Форми за пасив во футур

Футурната пасивна форма се формира со футурната форма на копулата *ime*/ сум + пасивен партицип минато време којшто разликува категорија род и број: *θa ime kurasmenos*/ќе бидам уморен

2.1.3. Форми за пасив во претерит

Се образуваат со мината форма на копула *ime*/сум+ пасивен партицип минато време: *imun kurasmenos*/бев уморен

2.1.4. Форми за пасив во императив: не постојат такви форми

2.1.5. Форми за пасив во потенцијал

Се формираат со модалната честица *θa/*ќе пред формата за минато време на копула *ime/*сум и пасивниот партицип. Копулата всушност е формализирана како irrealis conditionalis (*θa*+импф) која служи за кодирање на неактуализирани настани: *θa imun kurasmenos*/ќе бев уморен.